# Антибиотска резистенција: познавања, ставови и улога на фармацевтите и пациентите

Кристина Нелоска*1, Андреј Вучковски1, Лука Стојановски1, Теодора Кечевска1, Александра Атанасова1, Дијана Мицева1, Бистра Ангеловска1, Елена Дракалска Серсемова1
1* Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, (kristina.153470@student.ugd.edu.mk)

## Вовед

Антибиотската резистенција е глобален здравствен проблем кој доведува до намалена ефикасност во третманот на бактериски инфекции. За справување со овој предизвик потребен е мултидисциплинарен пристап и активно учество на сите учесници во здравствениот систем. По дефиниција Антибиотска резистенција претставува способност на бактериите да преживеат и да се размножуваат и покрај присуството на антибиотик кој вообичаено ги уништува или ги инхибира.

## Цел

-Да се процени информираноста и ставовите на пациентите и фармацевтите поврзани со употребата на антибиотици и проблемот на антибиотска резистенција.
-Да се процени свесноста за антибиотската резистенција кај фармацевтите и фармацевтските техничари.
-Да се анализира перцепцијата на фармацевтите за нивната улога во рационалната употреба на антибиотици.
-Да се идентификуваат можните области каде е потребна дополнителна едукација или интервенција.
-Да се предложат начини на кои можеме да превенираме појава на резистантност на антибиотици

За оваа цел спроведени беа два анкетни прашалници.




**Слика 1**: Клучни прашања и одговори од анкета 1




**Слика 2**: Клучни прашања и одговори од анкета 2

## Дискусија

- Пациентите покажуваат солидно познавање за основите на рационалната употреба. Фармацевтите изразуваат висока свесност за прекумерната и нерегулираната употреба на антибиотици, нагласувајќи ја потребата од постоење на построга регулатива и поголема едукација на ниво на аптека. Анкетата ни укажува на потреба од воведување на сериозни чекори за справување и надминување на проблемите со издавање на антибиотици без рецепт, како и нерационално препишување и издавање на антибиотици.

## Заклучок

-Заклучно, резултатите упатуваат на неопходноста од интегриран пристап за спречување на антибиотската резистенција преку континуирана едукација на здравствените работници, јавно-здравствени кампањи, заострување на регулативата, имплементација на електронски системи за следење, лабораториска поддршка и хигиенски протоколи.

УНИВЕРЗИТЕТ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Избери мудро, делувај храбро